# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 08-939/1
10-04-2025 20
Скопје/Shkup

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО |
| Одговорно лице и контакт информации: | Леона Кичеец, советник<br>Контакт: lkicheec@justice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ___ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 11.04. 2025 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација: | 11.05.2025 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

1. **Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот**

*1.1 Опис на состојбите*

Во рамки на Развојната Секторска Стратегија за правосудство 2024-2028 година (во натамошниот текст: Развојната Стратегија) со Акциски план 2024-2028, усвоена од Владата на Република Северна Македонија во декември 2023 година, предвидени се неколку клучни приоритети поделени во пет приоритетни области.

**Во рамки на приоритетната област 1 Судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ,** чија цел е зајакнување на владеењето на правото преку унапредување на независноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство, обезбедување на ефикасност и ефективност на правосудниот систем во согласност со стандардите на ЕУ, предвидени се мерки неопходни за обезбедување на целосна усогласеност на судството и јавното обвинителство со правото на ЕУ.

**Во рамки на приоритетна област 2 Институции на правосудниот систем,** се предвидува збир на мерки и активности кои се насочени кон зајакнување на капацитетите и одговорноста на посебните институции на правосудниот систем, кои се соочуваат со различни видови на проблеми кои може да се адресираат единствено со мерки кои се приспособени на потребите на институцијата. Зајакнувањето на човечките, техничките и организациските капацитети на овие институции, вклучувајќи ја и нивната одговорност, е неопходно за остварување на целите во рамки на приоритетната област 1.

Во Стратегијата во делот на анализата на постојната состојба кај капацитетите на институциите на правосудниот систем наведени се следните предизвици со кои се соочува јавното обвинтелство:

*„Не постои јасна методологија која според одредени вредносни и објективни параметри (обем на работа, број и сложеност на предметите и сл.) би овозможила реално утврдување на потребниот број јавни обвинители за успешно и квалитетно постапување во работата за секое обвинителство посебно. Постоечката мрежа на јавни обвинителства не е дизајнирана врз основа на мерливи проценки и критериуми. Јавните обвинителства се без доволно стручни соработници, јавни обвинители и истражни центри, а тоа директно влијае на успешноста во работата. Отсуството на единствен електронски систем со база на податоците со кои располага обвинителството го отежнува пребарувањето, споредливоста и анализата на достапните информации и во исто време го оневозможува ефективно следење на состојбата и функционирањето на обвинителството во смисла на ажурност, ефикасност и индикатори за квалитет. Недостига обука и надградба на јавните обвинители во областа на стручните прашања од сите области на правото, вклучително и меѓународните стандарди и меѓународната соработка, што директно влијае на квалитетот. Постапката за дисциплинска одговорност на јавните обвинители не е соодветно конципирана во однос на гаранциите за правично судење на јавниот обвинител против кого е поведена*

*дисциплинска постапка. Квалитативните критериуми за работата на јавните обвинители, односно за следење и оценување на нивната работа, се дадени генерално, без нивна елаборација за да се објективизира.“*

За поставените стратешки мерки во рамки на Акцискиот план на Стратегијата развиени се повеќе активности во насока на постигнување на соодветната посебна и општа цел преку реализација на мерките.

**За да може успешно да се оствари Визијата на Стратегијата за независно, одговорно, транспарентно и достапно правосудство, отпорно на внатрешни и надворешни влијанија, кое ги штити човековите права и обезбедува владеење на правото на ефикасен начин, неопходно е да се реализираат општите и посебните цели дадени во рамки на секоја приоритетна област, заедно со мерките и активностите предвидени со Акцискиот план.**

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Во Стратегијата и Акцискиот план детектирани се следниве клучни стратешки мерки за развојот на јавното обвинителство, како одговор на детектираните проблеми во поголем број на домашни и меѓународни извештаи:

**Посебна цел 1.1: Зајакнување на независноста и непристрасноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство:**

- Мерка 1.1.2 Зајакнување на законските гаранции за независно и самостојно располагање (управување) со јавно обвинителскиот буџет, утврден во согласност со закон (0,4% од БДП)
- Мерка 1.1.3 Изземање на судските и јавно обвинителските службеници од статусот на административни службеници
- Мерка 1.1.4 Реформирање на постапка за избор на членови на Судскиот совет и Советот на јавни обвинител од редот на судите/обвинителите со неопходен цензус/мнозинство, а од Собранието со транспарентна и инклузивна постапка
- Мерка 1.1.6 Остварување на сите уставни и законски гаранции за независност на судството односно самостојноста и аавтономија на јавното обвинителство и заштита од надворешни влијанија врз вршењето на нивните функции и зајакнување на интегритетот на носителите на судските и обвинителските функции.

**Посебна цел 1.2: Зголемување на квалитетот на правдата**

- Мерка 1.2.5 Воспоставување на правен основ за забрана за вршење на професија, дејност или должност (судии, јавни обвинители, државни

правобранители, адвокати, нотари, извршители, членови на Судски совет и Совет на јавни обвинители, како и вработени во органите на правосудниот систем) доколку со правосилна судска одлука се осудени или разрешени за дела на корупција

**Посебна цел 1.3 Зајакнување на механизмите за одговорност на лицата кои вршат функции во правосудниот систем**

- Мерка 1.3.3 Преиспитување и ревидирање на одредбите со кои се уредува дисциплинската одговорност на јавните обвинители, во однос на правилата за иницирање постапка, органот кој одлучува, мерките за транспарентност, прецизирање на основите на жалба и јасно дефинирање на обврзувачката сила на конечните одлуки на органот кој одлучува по жалба.

- Мерка 1.3.5 Усогласување на Кодексот на етика на јавните обвинители како и воспоставување критериуми за именување службеник за интегритет во Јавното обвинителство

- Мерка 1.3.7 Доследно почитување на системот за заслуги односно мерит систем при избор, унапредување и разрешување на сите носители на функции во органите на правосудниот систем и вработените во органите на правосудниот систем

**Посебна цел 1.4: Понатамошно зголемување на ефикасноста на правдата**

- Мерка 1.4.1 Реорганизација и оптимизација на судската и јавнообвинителската мрежа

- Мерка 1.4.3 Навремено пополнување на судиски и обвинителски позиции од редот на кандидати од АСЈО и во повисоките судови во согласност со законските критериуми.

**Посебна цел 1.5: Зголемување на транспарентноста во работењето на ССРСМ, СЈОРСМ, судовите и јавните обвинителства.**

**Посебна цел 1.6: Понатамошно зголемување на примената на дигитални алатки од страна на правосудните институции и е-правда**

- Мерка 1.6.3 Воспоставување на нов компјутерски систем за автоматско следење и управување со предметите во јавното обвинителство

- Мерка 1.6.5 Обезбедување на потребните технички услови за целосно остварување на обврската за аудио и видео снимање во судовите и јавните обвинителства

- Мерка 1.6.9 Воспоставување на платформа за on-line рочишта, складирање аудиовизуелни снимки и пилотирање во посебни постапки

**Посебна цел 2.2 Зајакнување на капацитетите и ефикасноста на јавното обвинителство**

- Мерка 2.2.1 Воспоставување критериуми за сложеноста на предметите во Јавното обвинителство

- Мерка 2.2.2 Допрецизирање на законската рамка за избор на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

- Мерка 2.2.3 Законска самостојност на Јавното обвинителство за водење на постапките за вработување

- Мерка 2.2.4 Обезбедување на посебни простории за канцелариите на јавните обвинителства кои моментално се наоѓаат во судските згради

- Мерка 2.2.5 Воспоставување интероперабилност на ОЈО со МВР, УФП, УФРМ, ЦУРМ, УЈП, АУОИ, судовите, казнено-поправните установи и адвокатската комора

- Мерка 2.2.6 Реорганизација на мрежата на јавните обвинителства

- Мерка 2.2.7 Зајакнување на истражните центри и формирање нови согласно потребите за да ги постигнат своите цели за зголемување на ефикасноста на истрагите и подобрување на координацијата меѓу обвинителите, полицијата и другите релевантни органи.

## 2. Цели на предлог регулативата

***Јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ.***

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

*Доколку Владата на Република Северна Македонија не го донесе предлог-законот ќе остане непостапено по забелешките и препораките од повеќе домашни и меѓународни извештаи, како и стратешки мерки и активности, со што ќе се доведе во прашање напредокот на Република Северна Македонија во ЕУ, особено затоа што нема да бидат спроведени активности предвидени со Развојната Стратегија, Реформската Агенда и Патоказот за владеење на правото.*

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

*Владата на Република Северна Македонија по разгледувањето на предложениот текст на законот истиот да го усвои и да пристапи кон реализација на мерките и активности за јавното обвинителство предвидени со Стратегијата и Акцискиот план, Реформската Агенда и Патоказот за владеење на правото.*

**4. Проценка на влијанијата на регулативата**

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*Позитивно влијание: Подобрена деловна клима заради успешно сузбивање на организиран криминал и корупција, зголемување на рејтингот на државата во рамки на светските извештаи за мерење на индекс на корупција и криминал, што посредно позитивно ќе влијае врз економијата.*

*4.2 Фискални влијанија*

*Предлог законот ќе предизвика значајни фискални влијанија врз Буџетот на Република Северна Македонија.*

*Имено, од 2026 година Министерството за финансии задолжително одвојува за јавнообвинителскиот буџет 0.5% од Буџетот на Република Северна Македонија наместо досегашните 0,2 % кои се одвојуваат во изминатите години (наместо законскиот основ од 0.4%)*

*Истовремено, надлежните институции од каде доаѓаат истражителите започнувајќи од 2025 година во своите годишни буџетски циркулари треба да предвидат и обезбедат финансиски средства за да исплатат додатоци за работата на истражителите во истражните центри од 2026 континуирано секоја година.*

*4.3 Социјални влијанија*

*Позитивно влијание: Зајакнувањето на јавното обвинителство ќе придонесе до ефективна борба со криминалот и корупцијата, што овозможува создавање на пријатна општествена и сигурна безбедносна средина. Ова ќе овозможи враќање на довербата во јавното обвинителство и задржување на лицата да останат во државата, односно враќање на иселениците од странство во државата.*

### 4.4 Влијанија врз животната средина

*Позитивно влијание: Зголемен број на обвинителски предмети и успешни завршени предмети против еколошки криминал.*

### 4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

б)трошоци за почитување на регулативата

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Во ноември 2024 година во Министерството за правда беше формирана работна група за Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавни обвинители и измена на овие два закони со цел инкорпорирање на препораките за надминување на утврдените слабости во повеќе меѓународни извештаи и домашни стратешки документи, постапување по горенаведените мерки од Стратегијата, Реформската агенда и Планот за раст, препораките од ГРЕКО и Патоказот за владеење на правото, како и ЕК Извештаите за напредокот на Република Северна Македонија.

Работната група во широк состав од јавни обвинители од основно и вишо јавно обвинителство, јавно обвнителство за организиран криминал и корупција, јавно обвинителство на Република Северна Македонија, претставници од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, директорката на Академијата за судии и јавни обвинители, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, претставници на академскиот кадар, претставници од граѓанскиот сектор на Блупринт група, експерти од ЕУ проект „Владеење на правото", експерт и национален советник од ЕУ4 FAST – WB, редовно секоја недела одржуваше состаноци, а процесот го следеа и претставници од Амбасадата на САД и ОБСЕ.

До работната група беа споделени повеќе документи кои се однесуваат на меѓународните стандарди за јавните обвинителства и препораките на Советот на Европа, препораките на ГРЕКО, препораките од ЦЕПЕЈ за следење на ефикасноста на правосудните системи, а преку проектот „Владеење на правото" беа подготвени неколку експертски анализи кои дадоа директна основа за изготовка на дел од законските одредби кои се однесуваат на буџетот и дисциплинските повреди, дисциплинските постапки и дисциплинските мерки.

Во текот на постапката за консултации, предлог-законот ќе биде објавен на ЕНЕР и доставен до надлежни институции на разгледување заради добивање на мислења и забелешки.

*Предлог-законот ќе биде доставен на мислење до Венецијанска Комисија и Европската комисија и по вградување на забелешките ќе биде доставен во владина постапка, заедно со Законот за Советот за јавни обвинители и другиот пакет на закони од областа на правосудството.*

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*Доколку Министерството за финансии, Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија не обезбедат 0,5% од Буџетот на Република Северна Македонија, постојните проблеми кај јавното обвинителство во однос на обезбедување на неопходни услови за ефективна работа на јавните обвинителства ќе продолжат и нема да се надминат, со што рејтингот на државата и ризикот од зголемена корупција ќе расте.*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

*Со Предложеното законско решение се пристапи кон надминување на горенаведените предизвици.*

Најзначаја е одредбата во законот која го регулира самостојното одлучување за користење, распределба, намена и прераспределбите на средствата на јавнообвинителскиот буџет, обезбедени во Републичкиот буџет во износ од 0,5%.

Во рамки на проектот „Владеење на правото со поддршка од ЕУ“ беше спроведена Анализа на системот за финансирање на јавното обвинителство со што беше реализирана активноста 1.1.2-1 од Акцискиот план на Стратегијата заради реализација на стратешката мерка 1.1.2 Зајакнување на законските гаранции за независно и самостојно располагање (управување) со јавно обвинителскиот буџет, утврден во согласност со закон.

Анализата беше земена за основа при извршената измена на предложеното законското решение во насока на овозможување на самостојно располагање со јавнообвинителскиот буџет, чиј минимален износ е гарантиран на 0.5 % од Буџетот на Република Северна Македонија.

Оваа одредба ќе предизвика фискални импликации на Буџетот по влегувањето во сила и примена на законот, но, мора да се нагласи дека е неопходна инвестиција во јавното обвинителство за да се овозможи ефикасна борба против организираниот криминал и корупција, која е од клучно значење за овозможување на неопходните услови за успешна работа на јавното обвинителство.

Предложените решенија во однос на јавнообвинителскиот буџет ќе овозможат за првпат јавното обвинителство самостојно да располага со буџетот во цел износ од најмалку 0.5% од Буџетот, бидејќи и покрај сите досега спроведени реформи во правосудството, никогаш досега не беа обезбедени целосно просторните, технички и други услови за да се овозможи ефикасна работа на јавното обвинителство. Дополнително, се уште не е спроведена препораката јавните обвинителства да бидат сместени во посебни згради од судовите и државните правобранителства, особено надвор од градот Скопје, каде јавните обвинителства се сместени во несоодветни простории и опремени со стар мебел и инвентар.

Во оваа насока, Законот за платите на јавните обвинители треба да се доуреди во делот на остварување на плата и други додатоци и надоместоци, согласно мерката 5.2.1.3 во област 5. Фундаменти/Владеење на правото од Реформската Агенда, односно да престане намалувањето на коефициентите на плата на јавните обвинители кои двапати во текот на 2024 доведуваат до ризик за неспроведување на дел од мерките и активностите предвидени со Реформската Агенда.

Исто така, бројот на истражители и јавнообвинителска служба е доведен во прашање заради одобрување на недоволно финансиски средства, како и барање за исполнување на формални услови кои за други административни службеници не се бараат. За да се регулира ова прашање, со цел да се одговори на барањата од Реформската агенда, Стратегијата и Патоказот за владеење на правото ќе биде изменет и Законот за јавнообвинителска служба, со цел бришење на несоодветни услови кај јавнообвинителската служба.

Во однос на мерката 5.5.1.1. од Реформската агенда, Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција да биде целосно и соодветно екипирано со специјализирани јавни обвинители, финансиски експерти и дигитални форензичарски аналитичари, *во предлог-законот за јавно обвинителство предвидени се додатоци на плата кои надлежните институции ќе треба да ги обезбедат од својот буџет, за што мора навремено да достават буџетски циркулар во 2025 година.*

Друго значајно прашање кое се уредува со законот се однесува на препораката на ГРЕКО од 4-тиот евалуационен круг во однос на опсегот на дисциплинските повреди и дисциплинските санкции за јавните обвинители. Експертката ангажирана во рамки на проектот „Владеење на правото“ подготви

компаративна анализа за начинот на нормирање и видот на дисциплински повреди и дисциплински мерки согласно праксата на повеќето европски земји. Експертите од тимот на состаноците учествуваа и укажуваа за одредени аспекти кои биле земени предвид во земјите од Европската унија. Овој материјал беше основа за регулирање на поширог опсег на дисциплински повреди согласно препораките, кои во предлог-законот се поделени во три категории: лесни, тешки и најтешки повреди. Само за извршени најтешки дисциплински повреди, од кои настанале тешки последици, може да биде разрешен јавен обвинител.

Уредувањето на дисциплинската постапка во која ќе се обезбедат гаранции за правично судење и право на оспорување на одлуката и санкциите, согласно барањата од мерка 5.3.1.3 во Реформската агенда е исто така значајно прашање. Предлог законот дава гаранции за оваа постапка, која дополнително ќе се доуреди и во Законот за Советот на јавните обвинители.

Во Предлог - законот се регулираат повеќе прашања кои во пракса покажаа одредени предизвици и аномалии: начинот на вршење на надзор над работата на јавното обвинителство, зајакнување на условите и критериумите за избор на јавните обвинители во повисоките обвинителства базирано на систем на заслуги, односно мерит-систем, оценувањето на јавните обвинители и критериумите за оценување и сложеност на предметите поврзано со редовно оценување на секои три години и вонредно оценување кога јавниот обвинител конкурира, зајакнување на критериумите за избор на јавен обвинител на Република Северна Македонија.

Во членот 62 од Предлог-законот се регулираат „**посебни услови** за избор на Јавен обвинител на Република Северна Македонија, за јавен обвинител во Државното обвинителство на Република Северна Македонија, за виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, за јавен обвинител во вишо јавно обвинителство, јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, основен јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство и јавен обвинител во основно јавно обвинителство, покрај условите од членот 61 од овој закон:

- за Јавен обвинител на Република Северна Македонија може да биде именуван јавен обвинител кој има непрекинат работен стаж од најмалку десет години или судија од областа на кривичното право кој има непрекинат работен стаж од најмалку десет години,

- за јавен обвинител во Државното обвинителство на Република Северна Македонија може да биде избран јавен обвинител кој има непрекинат работен стаж од најмалку седум години во вишо јавно обвинителство или во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и кој е оценет со позитивна оценка во последните три години или јавен обвинител кој има непрекинат работен стаж од најмалку петнаесет години во основно јавно обвинителство со проширена надлежност,

- за виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж како јавен обвинител од најмалку осум години до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните три години,

- за јавен обвинител во вишо јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж како јавен обвинител од најмалку пет години до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните три години,

- за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку осум години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните три години,

- за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку четири години како јавен обвинител во јавно обвинителство со проширена надлежност или пет години во јавно обвинителство со основна надлежност до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните три години,

- за основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку шест години стаж како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните три години,

- за јавен обвинител во основно јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има завршено обука утврдена со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

По исклучок од условот предвиден во став 1 алинеја 8 на овој член, за јавен обвинител во основно јавно обвинителство може да биде избрано лице кое веќе извршува функција јавен обвинител или судија.

Ако јавниот обвинител конкурира за избор во повисоко јавно обвинителство или за јавен обвинител на јавно обвинителство, а функцијата му мирувала, ќе се земе предвид последната оценка.

Работниот стаж на јавен обвинител именуван, упатен на работа или размена во институции, агенции, тела или канцеларии на Европската Унија или во други меѓународни организации, институции, тела, мисии и проекти во својство на јавен обвинител се смета за работен стаж во смисла на став (1) од овој член.

Јавен обвинител во основно јавно обвинителство со јавнообвинителски стаж до една година, може да постапува во основното јавно обвинителство во кое е

избран само по предмети за кои е пропишана надлежност за постапување на основните судови со основна надлежност.“

Со законот за првпат се доуреди постапката за избор на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, преку објавување на јавен оглас од Собранието на Република Северна Македонија, кандидатите кон пријавата доставуваат и програма за работа и биографија, а Советот на јавни обвинители организира јавна седница на која пријавените кандидати, кои ги исполнуваат условите согласно закон, ги презентираат своите програми. Ако Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија не даде позитивно мислење за ниту еден од пријавените кандидати, Владата на Република Северна Македонија не може да утврди предлог за именување на Јавен обвинител на Република Северна Македонија и ќе му предложи на Собранието да го повтори огласот.

На овој начин се пристапува кон вградување на препораките за транспарентен избор на најдобрите кандидати за јавен обвинител на Република Северна Македонија.

Дополнително, во предлог- законот, предвидени се прецизни рокови за сите постапки за избор, унапредување или дисциплински постапки, со што се надминуваат дел од недоследностите кои во пракса покажаа поразителни резултати и изговор истите да не се водат навремено.

Во законот се регулира изборот на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, кој по спроведено гласање од страна на сите јавни обвинители во Република Северна Македонија, кандидатот кој освоил најмногу гласови од листата на пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите согласно со овој закон го именува Советот на јавни обвинители. За успешни се сметаат изборите доколку на нив излегле повеќе од половината од вкупниот број на јавните обвинители, а за избран се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови.

Во законот се регулираат одредбите за стручниот колегиум, прашањата за задолжителни општи писмени упатства каде е уредено дека Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и вишите јавни обвинители не може да донесуваат задолжителни упатства и насоки кои се однесуваат на работата на конкретни предмети на јавните обвинители.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија е организирано како Државно јавно обвинителство, виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и основни јавни обвинителства.

Организацијата на јавното обвинителство е поврзана со организацијата на судовите. Оттука прашањето за надлежноста е едно од најзначајните прашања кои се уште се отворени, бидејќи од анализите за судската и јавнообвинителската мрежа кои во текот на следниот период ќе бидат подготвени, ќе зависи клучното

решение во двата организациски закони и во Законот за судовите и во Законот за јавното обвинителство. Постојниот предлог во законот беше дискутиран во две насоки:

1. Да се регулира надлежноста на јавното обвинителство по кривични дела, да не биде поврзано со членови од кривичен законик бидејќи се менува , а да ја следи оранизацијата на судовите согласно Законот за судовите, и
2. Да се овозможи реорганизација на јавното обвинителство која дозволува, во зависност од случајот и неговата сложеност и последици, да постапува соодветен тим на јавни обвинители, како и за кризни и вонредни состојби.

Со внесените измени во законот, повеќе од 1/3 од одредбите беа изменети, согласно што се пристапи кон донесување на ново законско решение.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области.*

*Закон за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Закон за јавнообвинителска служба, Закон за платите на јавни обвинители.*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*Потребно е донесување на подзаконски акти предвидени со Предлог-законот во рок од 90 дена од влегувањето во сила на законот во надлежност на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

*Јавните обвинителства во Република Северна Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија, Собрание на Република Северна Македонија, Министерство за финансии, Министерство за правда.*

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

*Развој на софтверско решение за информатичкиот систем на јавното обвинителство.*

8. **Следење и евалуација**

*8.1 Начин на следење на спроведувањето – јавниот обвинител на Република Северна Македонија – годишен извештај за работата на јавните обвинителства*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*
*Во рок од пет години согласно методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата.*

**Изјава од државниот секретар**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум:
10-04-2025

потпис на државен секретар